***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ОПШТИНА ИЛИНДЕН***

# *БУЏЕТ*

# *НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН*
## *За 2013 година*

*Декември 2012 година*

Предлагач: Градоначалник  на Општина Илинден
Дипл.маш.инж. Жика Стојановски

Изготвувач: Одделение за финансиски прашања

**БУЏЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**за 2013 година**

*Декември 2012 година*

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
## НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2013 ГОДИНА

Предлог Буџетот на Општина Илинден за 2013 година е во согласност со одредбите од Закон за буџетите (Службен весник на Република Македонија број 64/2005) и насоките за изработка на буџетот за 2013 година, очекуваните приходи и расходи усогласени со новите законски промени во деловите на извори за финансирање на локалната самоуправа и согледувањата за локалниот економски развој на Општината.

Анализата на приходите и расходите на Општината во буџетот за минатите години се земени како основа во проектирањето на Буџетот на Општина Илинден за 2013 година со развојна компонента.

Имајќи предвид дека буџетирањето е двонасочен процес (за и од граѓаните), применет е партиципативниот принцип на буџетирање при поставување на приоритетите на локалната заедница.

**Извори на финансирање на Општина Илинден**

- од сопствени извори;
- од дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите;
- со задолжување;

**Сопствени извори на приходи на Општина Илинден**

За целосно остварување на концептот на функционална и финансиско-економска самостојност, Општина Илинден како локална самоуправа, согласно Законот самостојно ги определува, утврдува и наплатува сопствените извори на приходи, при што самостојно ја утврдува висината на стапките, односно износите за пооделните даноци и такси во рамките што ги определува Законот.

- **Локални даноци**
  -данок на имот;
  -данок на наследство и подарок;
  -данок на промет на недвижности;
  -други локални даноци утврдени со закон;

- **Локални такси**
  -комунални такси;
  -административни такси;
  -други локални такси утврдени со закон;

- **Локални надоместоци**
  -надоместок за уредување на градежно земјиште;
  -надоместоци од комунална дејност;
  -други локални надоместоци утврдени со закон;

- **Приходи од сопственост**
  -приходи од закупнина;
  -приходи од камати;
  -продажба на имот;

- **Приходи од дел од персонален данок на доход**
  -Персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност и се регистрирани согласно Законот за занаетчиска дејност целосно (100%) се распоредува како приход на општината;
  -Персонален данок на доход на лични примања од плати, на општината припаѓа 3% од приходот од персонален данок на доход од лични примања остварен од физичките лица со постојано живеалиште или, престојувалиште во Општина Илинден;

- **Приходи од парични казни**
  -парични казни утврдени со закон;

- **Приходи од донации**
  -донации во финансиски средства, претставуваат финансиски приходи;
  -донации во предмети, се евидентираат во имотот на општината;

- **Други приходи**
  -приходи од кредити;
  -други приходи утврдени со закон;

**Дотации од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите**

Согласно Законот за финансирање на ЛС, општината се финансира и од дотации, односно преку трансфер на средства од Буџетот на Р. Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината. Овој трансфер се врши согласно прописите за трезорско работење. Преку дотациите централната власт обезбедува дополнителни приходи за непречено извршување на надлежностите на општината. Владата ги известува општините за видот и висината на дотациите за секоја општина одделно за наредната буџетска година, заедно со буџетскиот циркулар.

Со законот се предвидуваат следниве видови на дотации:

- Приходи од данок на додадена вредност( ДДВ);
- Наменска дотација;
- Капитална дотација;
- Блок дотација и
- Дотација за делегирана надлежност

**Структура на планирани приходи:**

| | | |
|---|---|---|
| Сопствени извори на финансирање | **276.238.000** | **75,3 %** |
| Трансвери и дотации од Буџетот на РМ и од буџетите на фондовите | **90.530.000** | **24,7 %** |
| **ВКУПНО :** | **366.768.000** | |

**а) Сопствени извори на финансирање**

Приходи од сопствени извори во 2013 година се планираат во износ од 276.238.000,00 денари, што претставува 75,3 % од вкупните приходи на општината.

| | |
|---|---|
| Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.839.000 |
| Даноци на имот | 51.010.000 |
| Даноци на специфични услуги - надоместоци | 93.315.000 |
| Неданочни приходи | 2.200.000 |
| Капитални приходи | 99.570.000 |
| Приходи од ДДВ | 12.557.000 |
| Донации | 7.306.000 |
| Други приходи | 8.441.000 |
| **ВКУПНО :** | **276.238.000** |

**б) Дотации од Буџетот на РМ и од буџетите на фондовите**

| | |
|---|---|
| Блок дотација за основното образование | 66.761.000 |
| Блок дотација за детска заштита | 5.469.000 |
| Блок дотација за култура | 2.000.000 |
| Трансвери за локални патишта и улици | 4.300.000 |
| Трансвери од други нивоа на власт | 12.000.000 |
| **ВКУПНО:** | **90.530.000** |

**Структура на планирани расходи:**

**Структура на планирани расходи на основниот буџет:**

| | | |
|---|---|---|
| Плати и надоместоци за вработени во општината, членовите на совет, за вработените во основните училишта и детската градинка финансирани од основниот буџет на општината | 24.499.000 | **8, 8 %** |
| Стоки и услуги | 55.372.000 | **20,0 %** |
| Капитални расходи | 170.000.000 | **61,4 %** |
| Отплата на заем | 27.100.000 | **9.8 %** |
| **ВКУПНО :** | **276.971.000** | |

**Посебен акцент во основниот буџет за 2013 година е ставен на капиталните расходи кои заземаат 61,4 % од планираните средства во основниот буџет, од кој се гледа развојна компонента на истиот.**

Процесот на инвестирање во основа трае релативно долго, бара големи напори и предизвикува значајни трошоци посебно ако се работи за крупни

инвестициски проекти и предмети на вложување. Сето ова наметнува потреба од рационализација на целиот процес, како и на неговото планирање.

Планирањето на инвестициските проекти претставува постапка преку која на креативен начин се врши оптимизација на употребата на расположивите ресурси, во правец на остварување на потребната економска ефикасност.

Планирањето во себе вклучува подготовка, оценка, изведба и понатамошно стопанисување со инвестицискиот проект. По правило, средствата кои се наменети за да се имплементираат во целост за сите надлежности делегирани на Општината за реализација на развојни проекти, секогаш се помалку од потребите. Тоа ги прави средствата за инвестиции да бидат многу скап ресурс, а нивната правилна алокација односно вистинскиот избор на предметот на инвестиции се наметнува како пресуден фактор за обезбедување на континуиран и одржлив економски развој и обезбедување на јавни ефективни услуги на локално ниво.

За непречено одвивање на образовниот процес, за функционирање на основните училишта во општината обезбедени се 91.199.000,00 денари.

Во Буџетот за 2013 година предвидени се средства од 24.770.000 ден. за внатрешно доопремување Домот на Култура „Илинден“, воспоставување на 12 “Wi-fi zone“ зони со слободен пристап на безжичен интернет и реализација на програмата за култура на општината.

Во програмата за уредување на градежно земјиште планирани се 6.000.000,00 денари за партерно и хортикултурно уредување на површините околу Домот на култура во н.Илинден.

Во насока на подобрување на спортската инфраструктура и развој на спортот планирано е изградба на трибина и реконструкција на фудбалскиот стадион во н.Илинден.

Во програмата за јавен превоз на патници обезбедени се 900.000,00 денари за обезбедување на континуирано подобрување на услугите на јавниот превоз на граѓаните во Општината.

Значителен дел од капиталните расходи во износ од 62.000.000,00 денари се планирани во програмата за изградба и реконструкција на локални улици , патишта и мостови односно се планира асвалтирање на локалните улици и патишта, одржување на постојната патна инфраструктура, изградба на мостови, изградба на пешачки мостови, како и реконструкција на мостови.

Со Буџетот на општина Илинден за 2013 година се обезбедува континуирана урбанизација на просторот, рационализација на постојните и планирање на нови површини како и инвестиции во инфраструктурата за подршка на локалните економски зони.

Во програмата за изградба на фекална канализација планирани се 56.000.000,00 денари за доизградба на сегментите со пречистителни станици во Илинден и Кадино, и изградба на нови сегменти.

За подобрување на квалитетот на комуналните услуги во општината планирани се 6.000.000,00 денари за набавка на специјално возило.

Финансирање на депонирањето на комуналниот отпад во депонијата Дрисла, собран од граѓаните на Општината. Со цел да не се зголеми цената на комунални услуги што ја плаќаат граѓаните, во Буџетот се издвојуваат средства во износ од 2.800.000,00 денари за депонирање на комуналниот отпад во депонијата „ДРИСЛА“ со што директно се грижиме за здрава животна средина и квалитетот на живеење како и почитување на законската регулатива.

Обврската на граѓаните за надомест за одржување на системот за одведување на атмосверски води кон ЈП Скопско Поле-Скопје која за 2013 година изнесува 4.206.000,00 денари, Општина Илинден ќе ја подмири за сметка на своите граѓани.

**Гафички приказ на учеството на пооделните расходи во основниот Буџет на Општина Илинден за 2013 година**




Општина Илинден
Градоначалник
Жика Стојановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина **ОПШТИНА Илинден** на **55** седница одржана на **20.12.2012** година, донесе :

# Б У Џ Е Т
## на Општина ОПШТИНА Илинден за 2013 година

## 1. Општ дел

**Член 1**

Буџетот на Општината **ОПШТИНА Илинден** за **2013** година се состои од :

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **366.768.000** |
| | Даночни приходи | 146.344.000 |
| | Неданочни приходи | 10.461.000 |
| | Капитални приходи | 99.570.000 |
| | Приходи од дотаци | 74.230.000 |
| | Трансфери | 28.857.000 |
| | Приходи од донаци | 7.306.000 |
| **II.** | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **345.768.000** |
| | Од утврдени намени | 344.768.000 |
| | Резерви | 1.000.000 |
| **III.** | **- Д Е Ф И Ц И Т** | **21.000.000** |
| **IV.** | **ФИНАНСИРАЊЕ** | **-21.000.000** |
| | **Прилив** | ***0*** |
| | Домашни приливи | 0 |
| | Приливи од странски заем | 0 |
| | **Одлив** | ***21.000.000*** |
| | Отплата на главница | 21.000.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува :

# Биланс на приходи на ниво на ставки

| Категорија Ставка | О П И С | 2011 Завршна сметка | 2012 Предходен буџет | БУЏЕТ 2013 Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **304.361.090** | **353.848.000** | **276.971.000** | **8.261.000** | **74.230.000** | **7.306.000** | **0** | **366.768.000** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **304.361.090** | **91.467.000** | **146.344.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **146.344.000** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 304.361.090 | 1.838.000 | 1.839.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.839.000 |
| 713 | Даноци на имот | 0 | 44.010.000 | 51.010.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.010.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 0 | 45.419.000 | 93.315.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 93.315.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 0 | 200.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **0** | **9.254.000** | **2.200.000** | **8.261.000** | **0** | **0** | **0** | **10.461.000** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 0 | 1.600.000 | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.600.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 0 | 5.304.000 | 300.000 | 8.061.000 | 0 | 0 | 0 | 8.361.000 |
| 724 | Други владини услуги | 0 | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 0 | 2.150.000 | 100.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **0** | **75.502.000** | **99.570.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **99.570.000** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 0 | 75.502.000 | 99.570.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 99.570.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **0** | **115.885.000** | **28.857.000** | **0** | **74.230.000** | **7.306.000** | **0** | **110.393.000** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 102.293.000 | 28.857.000 | 0 | 74.230.000 | 0 | 0 | 103.087.000 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 5.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 7.892.000 | 0 | 0 | 0 | 7.306.000 | 0 | 7.306.000 |
| **75** | **ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **61.740.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 61.740.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# Биланс на расходи на ниво на ставки

| Категорија Ставка | О П И С | 2011 Завршна сметка | 2012 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2013 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **304.361.090** | **353.848.000** | **276.971.000** | **8.261.000** | **74.230.000** | **7.306.000** | **0** | **366.768.000** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **78.081.000** | **24.499.000** | **0** | **55.292.000** | **0** | **0** | **79.791.000** |
| 401 | Основни плати | | 55.093.000 | 16.413.000 | 0 | 40.334.000 | 0 | 0 | 56.747.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | | 20.408.000 | 6.086.000 | 0 | 14.958.000 | 0 | 0 | 21.044.000 |
| 404 | Надоместоци | | 2.580.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | | **1.000.000** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **72.921.000** | **49.615.000** | **7.256.000** | **18.738.000** | **4.906.000** | **0** | **80.515.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 748.000 | 610.000 | 20.000 | 40.000 | 0 | 0 | 670.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 23.207.000 | 14.190.000 | 295.000 | 8.253.000 | 0 | 0 | 22.738.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | | 5.663.000 | 2.480.000 | 4.200.000 | 1.561.000 | 0 | 0 | 8.241.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 21.856.000 | 14.180.000 | 346.000 | 1.872.000 | 4.206.000 | 0 | 20.604.000 |
| 425 | Договорни услуги | | 11.387.000 | 8.675.000 | 759.000 | 4.690.000 | 700.000 | 0 | 14.824.000 |
| 426 | Други тековни расходи | | 8.330.000 | 8.480.000 | 136.000 | 122.000 | 0 | 0 | 8.738.000 |
| 427 | Привремени вработувања | | 1.730.000 | 1.000.000 | 1.500.000 | 2.200.000 | 0 | 0 | 4.700.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | | **2.871.000** | **6.100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.100.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | 2.871.000 | 6.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.100.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **2.724.000** | **4.757.000** | **0** | **200.000** | **0** | **0** | **4.957.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | 290.000 | 840.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 840.000 |
| 464 | Разни трансфери | | 2.434.000 | 3.917.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 4.117.000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | **170.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 471 | Социјални надоместоци | | 170.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **184.811.000** | **170.000.000** | **1.005.000** | **0** | **2.400.000** | **0** | **173.405.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 31.506.000 | 10.400.000 | 340.000 | 0 | 0 | 0 | 10.740.000 |
| 481 | Градежни објекти | | 80.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 482 | Други градежни објекти | | 149.461.000 | 152.900.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 153.400.000 |

| Категорија Ставка | О П И С | 2011 Завршна сметка | 2012 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2013 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
| 483 | Купување на мебел | | 1.164.000 | 600.000 | 140.000 | 0 | 0 | 0 | 740.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | | 400.000 | 2.300.000 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 2.325.000 |
| 486 | Купување на возила | | 2.200.000 | 3.600.000 | 0 | 0 | 2.400.000 | 0 | 6.000.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | **11.270.000** | **21.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.000.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | 11.270.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 |
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |